# ОПШТИ УСЛОВИ

**Општи одредби**

Член 1

Овие општи услови за изнајмување на дигитален рекламен простор (во понатамошен текст Услови) се составен дел од Договорот за изнајмување на дигитален рекламен простор (во понатамошен текст Договор) што Закупопримачот ќе го склучи со Закуподавачот.

Овие Одредби со кои се утврдуваат општите услови како услов за склучување на Договор за рекламирање  по нивното одобрување и потпишување на истите ќе се сметаат како Понуда од страна на Промар Дигитал ДООЕЛ Скопје како прва страна и прифаќање на понуда од другата страна  согласно со Законот за облигациони односи .

Со овие Услови се регулираат правни односи помеѓу Закуподавачот и Закупопримачот за користење на огласни површини што се во сопственост на на Закуподавачот, а спрема важечки унифицирани услови на  понуда кон сите клиенти кои нема ни да фаворизираат одредени клиенти а ни да дискриминираат други клиенти за сметка на првите.

Промар Дигитал ДООЕЛ Скопје како прва страна и единствен сопственик на рекламниот простор има право по своја процена која ќе се темели на оправданост и постигнување подобри финансиски резултати во своето работење да изврши измена на општите услови само и единствено пред да ја даде понудата на потенцијален Закупопримач, а во целост почитувајќи го став 2 од овој член.

За сите меѓусебни односи помегу Закуподавачот и Закупопримачот што не се регулирани со овие Услови ќе се применува Закон за облигацини односи и останати важечки прописи на Република Северна Македонија.

**Договорениот однос**

Член 2

Со потпишување на Договорот се смета дека странките имаат договорено сите битни услови, дека ги прифаќаат Условите на Закуподаваот и дека Договорот е случен.

**Откажување на договорот**

Член 3

Закупопримачот може да го откаже Договорот најдоцна 30(триесет) дена пред почеток на огласување без правни последици, со писмено известување.

Договорните страни утврдуваат дека писменото известување се смета за уредно испратено доколку е испратено по пошта или на службената електронска адреса на Закуподавачот

**Цени и услови на плаќање**

Член 4

Цени на огласувачки услуги (во понатамоен текст Услуги) регулирани се со Ценовникот на Закуподавачот што е во сила во моментот на користење на Услугите.

Закуподавачот е овластен да го менува Ценовникот и се обврзува да го објави и направи достапен на вообичаен начин.

Сите промени на Ценовникот ќе бидат објавени најмалку 45(четириесетипет) дена пред примена на промените.

Во сите Договори слкучени пред промена на Ценовникот останувaат да важат цените што се наведени во Договорот до истекот на истиот.

**Технички и оперативни можности на огласни површини**

Член 5

Закуподавачот неможе да гарантира дека за целиот период за кој е склучен Договорот рекламни површини ќе идат во непрекината функција. Кратки прекини поради електрични и телекомуникациски пречки во погоренаведената смисла договорните страни не ги сметаат како неисполнување на договор од страна на Закуподавачот и не му даваат право на Закупопримачот да бара дополнитени услуги или било каква одштета.

Закуподаваот се оврзува итно во рок од 48(четириесетосум) часа или помалку да ги одстрани сите недостатоци на рекламни површини и се обврзува уредно да ги исполнува своите обврски од Договорот.Овој рок од 48 (четириесет и осум)часа важи и се смета како објективен рок само и единствено ако недостокот е во рекламниот простор. Доколку се работи за случај на виша сила(вис мајор) овие одредби се суспендираат и не се засметуваат како рок во кој закуподавачот е обврзан да отклони недостаток или квар. Во случај на поголем дефект на опремата, инсталациите, електрична мрежа и слично, за чие одстранување е потребен поголем временски период од 3(три) дена, пропорционално ќе се намали договорената надокнада или ќе се продолжи период на огласување.

**Приговор на услуги**

Член 6

Закупопримачот може на Закуподавачот да му даде приговор на квалитетот на договорени услуги.

Приговор од став 1 на овој Член Закупопримачот го поднесува во писмена форма до Закуподавачот, во рок од 3(три) дена од денот на поставување на рекламниот метеријал, на

адреса на седиштето на Закуподавачот или на е-маил адреса. Приговорот мора да содржи факти и докази на кои што се заснива.

Во приговорот на квалитетот на извршени Услуги потребно е прецизно да се опишат пропусти и да се доставаат докази во облик на фотографија.

Кога Закуподавачот ќе го заприми приговорот на Закупопримачот должен е:

а) да го прифати приговорот и итно да направи измени кои што ќе одговараат на договорената Услуга или

б) во рок од 3(три) дена од прием на приговорот да го одбие во писмена форма со образложение.

**Обврска на чување на податоци и рекламен матерјал**

Член 7

Закупопримачот е во целост запознаен од страна на закуподавачот дека сите податоци кои имаат карактер на лични податоци ќе ги употребува само и единствено за постапките на рекламирање додека трае договорот кој е потпишан и е во важност и со тоа во целост се согласува.

Закуподавачот ќе ги собира, обработува и чува лични и идентификацијски податоци на Закупопримачот и нема да ги одстапува на трети лица (без изричито писмено одобрение на Закупопримачот) и истите ќе ги архивира по истекот на договорот за закуп на рекламниот простор во согласност со позитивните законски прописи кои ја регулираат материјата на архивирање и се во важност во Р.С.Македонија.

Закуподавачот е должен да ги чува рекламни матерјали кои што се предмет на Договорот 15(петнаесет) дена од истек на Договорот.

Закупопримачот е одговрен за штета доколку на закуподавачот му достави за рекламирање материјал кој не бил и не е сопственост на закуппримачот, а ќе биде одговорен  и за сите евентуални штети доколку се утврди дека немал сопственост на марка,жиг, бренд или пронајдок како и авторско право на материјалот кој е предмет на рекламирање кои се уредно регистрирани или пријавени во надлежни институции на Р.С.Македонија.

**Решавање на спор**

Член 8

Сите спорови кои може да произлезат од договорни односи, вклуувајќи ги и споровите за толкување, примена и извршување на  Условите двете страни ќе настојуваат да ги решат по мирен пат спогодено, а доколку тоа нее можно, надлежен за нивно решавање е Основен суд Скопје II Скопје.

**Измени и дополнувања на Условите**

Член 9

Закуподавачот ќе објави и направи достапни на вообичаен начин сите измени и дополнувања на овие Услови.

**Стапување на сила на општите услови**

Член 10

Овие услови се задолжителни и се применуваат на неопределено време, а стапуваат на сила со потпишување на Договорот.

Во Скопје, датум

за Промар Дигитал ДООЕЛ Скопје

Управител - Игор Ловрек

ПРОМАР ДИГИТАЛ ДООЕЛ Скопје